Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник“ на Република Македонија број 72/07, 05/09, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК бр.06/2018
## за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следните мерки:

| Код на мерка | Назив на мерката | Висина на поддршка за прифатливи трошоци по корисник |
|---|---|---|
| **Мерка 131** | **Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност** | 1.000.000 денари |
| 131.1 | Помош за основање и функционирање на земјоделски задруги регистрирани во Регистар на задруги при МЗШВ | |
| 131.2 | Помош за премии за осигурање во вид на надоместок на дел од трошоците за осигурување и тоа во висина која нема да надминува 70% од трошокот за осигурање на производните капацитети на земјоделската задруга од мал обем и 80% за осигурање на производните капацитети на земјоделската задруга од голем обем, но не повеќе од 3.000.000 денари на годишно ниво | |
| 131.3 | Инвестиции за набавка на земјоделска механизација во висина од 90% од вкупната вредност на инвестицијата | |
| 131.4 | Инвестиции за примена на заеднички производни практики за усогласување на стандардите за квалитетот на земјоделските производи или за производство на земјоделски производи со повисок квалитет | |
| 131.5 | Организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи | |

## II. КОРИСНИЦИ

**Право на користење на средства имаат следните субјекти:**

| Субјекти | Код на мерка |
|---|---|
| Земјоделски задруги регистрирани во Регистар на задруги при Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Закон за земјоделски задруги | Мерка 131 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Средствата се наменети за инвестиции за набавка на нови основни средства, оперативни трошоци поврзани со набавените средства и останати трошоци предвидени со Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година.

Висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за сите потточки вкупно изнесува до 1.000.000 денари годишно.

Финансиската поддршка се доделува во износ од 100% од вкупно прифатливите трошоци.

Финансиската поддршка за плата за управител на земјоделска задруга која согласно со пропишаните услови може да остварува право на помош од овој вид во висина од 100% во првата година, од просечната плата исплатена во Република Македонија за претходната година, со намалување од 20% за секоја наредна година во период не подолг од пет години.

Финансиската поддршка за ангажирање на едно лице од областа на земјоделските науки и ветерината, согласно со видот на земјоделската задруга во висина не повеќе од просечната плата исплатена во Република Македонија за претходната година (за земјоделските задруги од голем обем).
Поддршката од под-мерката 131.3 - инвестиции за набавка на земјоделска механизација се доделува во висина од 90% од вкупната вредност на прифатливи трошоци за инвестицијата.

Поддршката од под-мерката 131.5 за организирање на информативни и промотивни активности за земјоделски производи, се доделува во износ од 100% од вкупно прифатливите трошоци за спроведување на предвидените активности во програмата за работа на земјоделската задруга и може да се додели на две рати.

Доделената финансиска поддршка е неповратна.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за поединечна подмерка се доставуваат во оригинален примерок.

**Еден корисник поднесува посебно барање за секоја мерка во оригинал. Еден корисник може да поднесе само едно барање за една мерка или најмногу 2 барања по различни мерки земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година**.

За подмерките 131.1, 131.2 и 131.5 барателот доставува барање за исплата на средства, а за подмерките 131.3 и 131.4 барање за користење на средства.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:
- **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година („Службен весник на Р.Македонија" бр. 16/18, 100/18, 127/18 и 172/2018)**
- **Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Р.Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 88/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17 и 83/18)**
- **Закон за земјоделски задруги („Службен весник на Р.Македонија" бр. 23/13, 51/15, 193/15 и 39/16)**
- **Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Р.Македонија" бр. 124/11, 80/13, 35/16, 101/17 и 162/18) и**
- **Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка. („Службен весник на Р.Македонија" бр. 124/11, 80/13, 72/14, 35/16, 59/16 и 178/18)**

Барателите на финансиска поддршка потребно е да поднесат уредно и целосно пополнето барање за користење на средства/барање за исплата на средства за Мерка 131 заедно со пропратната документација наведена во барањето.

Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства за мерката 131, се рангираат со бодување утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на Р.Македонија" бр. 162/18)

- **Барањата со ист број на бодови ќе се рангираат според датумот и времето на поднесување на барањето.**
- **Барателите за подмерките 131.3 и 131.4 не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишување на Договор за ко-финансирање со Агенцијата.**

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за финансиска поддршка“ и „Барање за исплата“ заедно со листата на потребни документи и Упатството за корисниците може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk,

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
**бул. „ 3-та Македонска бригада“ бр.20**
**(зграда на Македонија Табак блок Ц ) 1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за користење/исплата на средства за мерка 131 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2018 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик, во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознака “НЕ ОТВАРАЈ“ за Јавен повик број 06/2018 и назначување на шифрата на мерката/под-мерка за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по препорачана пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за затурање или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата за користење на средства за подмерките 131.3 и 131.4 е 21.10.2018 година.**
**Крајниот рок за доставување на барањата за користење на средства за подмерките 131.1, 131.2 и 131.5 е 31.12.2018 година.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и
на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Сектор за одобрување на проекти и Сектор за одобрување исплата.**
Телефон 02 3097-460, секој работен ден од 08:30 до 16.00 часот
Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk